# Годишен извештај за 2023 година

Иницијатива за
ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА


http://www.iep.mk/

https://www.facebook.com/iepmkd

contact@iep.mk

Здружението на граѓани Иницијатива за европска перспектива (ИЕП) е граѓанска организација насочена кон развој на демократија во општеството, заштита на човековите слободи и права, борба против сите форми на дискриминација, нечовечко и понижувачко однесување, како и поттикнување на граѓаните да станат поактивни учесници во развојот на демократијата на локално и национално ниво.

**Визија**

Визијата на организацијата е мир, стабилност и хармонија во земјата со активно учество на Граѓанинот во процесите на одлучување на локално и национално ниво

**Мисија**

Посветеност во развојот, едукација на граѓаните, нивната информираност, заштита на основните човекови слободи и права, како и изнаоѓање решенија во соработка со јавниот и деловниот сектор за подобрување на положбата и благосостојбата на луѓето.

## Проект: Платформа за Граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)

**Донатор:** Европска Унија

**Буџет**: 271,504.70 евра

**Име на апликант и ко-апликант**: Здружение на граѓани Иницијатива за европска перспектива (ИЕП); Здружение за развој и активизам – Аква-Струга; Центар за интеркултурен дијалог - Куманово; Нексус - Граѓански концепт - Скопје и Организација Градење на заедницата од Митровица – Косово

**Општа цел**: Зајакнување на капацитетот на локалното граѓанско општество за градење отпорност против радикализација на младинското население во С. Македонија

**Специфична цел**: Развивање на граѓанска едукативна платформа за млади, дизајнирање на мотивирачки наративи и алтернативни наративи за Граѓанско образование, како средство за спречување на радикализација на младите.

**Таргет групи:** Главна целна група се пошироката група на граѓански организации кои работат со образование за млади, Граѓанско општество и ЕУ образование, спречување на радикализација што може да доведе до насилен екстремизам и тероризам.

Втората целна група се млади лоцирани во општините Скопје, Куманово и Струга.

Третата целна група се претставници на локалните самоуправи, средни училишта и акциони групи во заедницата.

Крајни корисници се млади, нивните семејства и жители во областите на општините Скопје, Куманово и Струга.

**Времетраење**: јануари 2021- декември 2023

Во третата и последна година од имплементација на овој проект, спроведовме 3-тридневни меѓуопштински работилници од повеќе градови на теми: меѓукултурна соработка, социо-економски развој и (дигитална) медиумска писменост.

Целта на работилниците беше здружување на различни групи млади и нивните репрезентативни граѓански организации во изнаоѓање заеднички терен за меѓукултурна соработка, преку фокусирање на социо-економските иницијативи за подобрување на положбата на младите во општините, односно местото каде живеат и делуваат.

На секоја работилница,  учествуваа по 20 млади (на возраст од 15 до 29 години), односно вкупно 60.






Освен овие работилници, со младите работеа и ментори за креирање на проектни идеи за развој на заедницата. За таа цел беше организирана и Конференција за презентација и избор на најдобри идеи за развој на заедницата.

Од шест идеи, беа избрани најдобри три за развој на заедницата (од страна на Комисија). Прво место освои идејата „Drim buy – Купувај по струшки од Струга“ на тимот од Струга, второ место доби тимот „Конект“ од Куманово и трето место за тимот „CareTalk“ од Куманово.






Во рамки на Платформата “Младите против насилство”, се спроведоа три – еднодневни состаноци со граѓанските организации – членки за стратешко планирање . На состаноците се идентификуваа и приоретизираа клучните области од значење за Платформата, се анализираа јаките и слаби страни, можностите, ризиците и заканите. Стратегијата беше презентирана во месец септември, а усвоена во ноември 2023 година.



Во декември 2023 година се одржа и завршната Конференција на Платформата за граѓанско образование на млади за борба против радикализација - Младите против насилство, на која се презентираа резултатите на проектот, како и се промовираше првата и единствена платформа од ваков вид во Македонија. До сега Платформата има 32 членки – граѓански организации (национално ниво), потпишано меморандум за соработка со повеќе јавни институции како што се: Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, Агенцијата за млади и спорт, повеќе општини и средни училишта на територија на РМС. Платформата наскоро започнува да се шири во регионот и заеднички преку размена на искуства да се работи на спречување на насилство кај младите и подобрување на нивната безбедност.






## Проект: Патот кон отпорност и реинтеграција на ранливите семејства во заедницата

**Донатор**: Глобалниот фонд за ангажман и отпорност на заедницата

**Буџет**: 700,000.00 долари

**Име на апликант и ко-апликант**: Македонски центар за меѓународна соработка - МЦМС, Иницијатива за европска перспектива -ИЕП, Хоризон Цивитас, Нексус-граѓански концепт, Плиадес.

**Општа цел:** Иницирање на холистички пристапи за одржлива реинтеграција на ранливите семејства (вклучително и оние со повратници – странски терористички борци (СТБ) во државата.

**Таргет групи:**
1.Ранливи семејства, повратници и нивните семејства и соседи
2. Членови на заедницата каде што живеат повратниците, вклучително и работници од прва линија
3. Релевантни институции на национално и регионално ниво.
4. Локални и национални медиуми (уредници, новинари)

**Времетраење**: јули 2021-јуни 2024

Во рамки на овој проект Иницијатива за европска перспектива е одговорна за спроведување на активности поврзани со економска реинтеграција на повратници, односно странски терористички борци - (СТБ) и членовите на нивните семејства. За таа цел оваа 2023 година започнавме со директна работа со овие лица, односно со развој на индивидуални планови за професионална ориентација. Целта на овие планови е преку

директна работа со СТБ и членовите не нивните семејства, да се увиди кои се нивните способности, афинитети и желби за професионално усовршување, како полесно би се вклучиле во пазарот на труд. Врз основа на изработените планови на овие лица ќе им се овозможи да посетат соодветни обуки или да добијат менторска поддршка.

## Проект: Тренинг Академија за новинари и медиумски работници – T-AJM

**Донатор:** Европска Унија

**Буџет:** 387.825,17 евра

**Име на апликант и ко-апликант:** Здружение на новинари на Македонија – ЗНМ, Иницијатива за европска перспектива – ИЕП, Европска федерација на новинари - ЕФЈ

**Општа цел:** Општа цел на овој проект е да придонесе кон промовирање на средина за слободно изразување и професионален развој на новинарите и медиумите.

**Специфична цел:** Зајакнување на интегритетот на медиумите и поддршка на новинарите да се почитуваат стандардите за квалитет на новинарството, како и да се адресираат прашањата поврзани со закани и насилство врз новинарите, нивната безбедност, со истовремено промовирање на слободата на изразување која ќе овозможи социјален развој и ќе придонесе кон процесот на пристапување кон ЕУ

**Таргет групи:** Новинари, медиумски работници, медиумски граѓански организации, организации на новинари**.**

**Времетраење:** февруари 2023 – јануари 2026

Во оваа прва година од имплементација на овој проект, најнапред подготвивме Стратегија за комуникација и видливост во согласност со најновите Барања за комуникација и видливост финансирани од Европската Унија.

Организиравме Конференција за промоција на проектот, каде беше презентирана новата Тренинг Академија за новинари и медиумски работници. Академијата има за цел да ја подобри физичката и дигиталната безбедност на новинарите, особено на оние што практикуваат истражувачко новинарство, да понуди поддршка за начинот на известување за одредени актуелни теми, да ги зајакне капацитетите на медиумите за креирање на новинарски содржини за евроинтегративниот процес. Ќе нуди обуки за безбедност и заштита на новинарите, за дигитална безбедност и нови технологии, како и за предизвиците на истражувачкото новинарство.







Во рамки на проектот нудиме поддршка на граѓанскиот сектор и на организациите кои ќе придонесат за зајакнување на интегритетот на медиумите за борбата против дезинформациите нивно препознавање и делување, унапредување на медиумската писменост, критичкото размислување, демократските вредности и меѓукултурната соработка. За таа цел објавивме повик за финансиска поддршка на граѓанските организации, кој беше поделен во две фази. Прво апликантите поднесуваа концепт нота и оние кои успешно ја поминаа оваа фаза, влегоа во втората, односно поднесоа целосен предлог проект. За оценување на апликациите ( во двете фази ), беше формирана трочлена Комисија за евалуација составена од независни експерти. Во месец декември се одлучи грантови да се доделат на четири граѓански организации.

При крајот на 2023 година се изработи и првиот (од вкупно три) документи за јавни политики, односно документот за политики Транспарентно известување на јавноста за пристапните преговори на Република Северна Македонија кон Европската Унија**.** Целта на овој документ е врз основа на анализа на постоечката ситуација, да предложи политика што ќе укаже на важноста од транспарентно и објективно ширење на информациите во претпристапниот процес на Северна Македонија во Европската Унија.

Публикацијата е достапна на следниот линк